

IN MEMORIAM

## ЕВГЕНИЈ ПАВЛОВИЧ НАУМОВ
## (1932-1990)

На 18 јануари 1990 година згасна животот на познатиот руски историчар д-р Евгениј Павлович Наумов. Со неговата смрт Институт за славјановедение и балканистика на Руската академија на науките загуби голем специјалист за историјата на јужнословенските народи, благороден човек и вистински пријател на македосниот народ.

Д-р Евгениј П. Наумов уште како студент на Катедрата на Јужните и Западните Словени при Историскиот факултет на Московскиот државен универзитет се определи за проучување на средновековната историја на српскиот, црногорскиот и македонскиот народ. За таа цел покрај старите изворни јазици солидно ги совлада и српскиот и македонскиот јазик.

По завршувањето на студиите во 1955 година, Е. Наумов се вработи во Институтот за славјановедение и балканистика во Москва и во оваа врвна научна институција остана се до крајот на својот живот.

Уште од почетокот главната научна преокупација на Е. Наумов беше свртена кон проучувањето на средновековната историја на српскиот народ во XIII-XV век. Притоа, предмет на сестрани научни проучувања беа и повеќе прашања од историјата на Македонија и Зета во овој временски период. Тоа се гледа и од неговата магистерска теза

„Феодальное землевладение в Сербии, северной и централной Македонии и Зете во второй половине XIV в.", која ја одбрани во 1964 година. Инаку, уште пред тоа д-р Наумов го привлече вниманието на познавачите на историјата на балканските народи во средниот век со научните прилози: „К вопросу об эволюции феодальной ренты в Сербии, северной и центральной Македонии и Зете в первой половине XIV в." (1962), „К вопросу о датировке некоторых сербских грамот второий половине XIV в." (1962), „К истории церковного и манастырского землевладения в Сербии, Македонии и Зете в второй половине XIV в." и др.

Во последните две децении научниот интерес на д-р Е. Наумов освен кон средновековната историја на Србија, Македонија и Црна Гора беше свртен и кон проучување на бројни проблеми кои се однесуваат и на историјата на другите балкански народи, а и пошироко. Од овој период датираат и повеќе трудови на Е. Наумов објавени во познатата научна серија „Дантовские чтения": „Завистник веницеиского чекана" (1973), „Политическая карта Европы 1300 г. в оценке Данте" (1976), „Монолог Капета из Божественной комедии"" (1982) и др.

Голем е придонесот на д-р Наумов и во проучувањето на врските на Русија со блаканските земји по XV век. Во таа смисла особено внимание предизвикал кај истражувачите со своите трудови кои се однесуваат на историјата на аграрните односи во Србија во XIX век, како и на руско-српските културни врски. Од оваа област е и неговиот последне труд „К истории связей Руссии с южнославянскими народами в первой половине XVII в." (1990).

Д-р Евгениј Наумов има посебно големи заслуги за расветлувањето на проблематиката која се однесува на средновековната историја на македонскиот народ во XIII и XIV век. Благодарејќи на неговите непристрасни научни резултати периодот на српското владеење во Македонија доби појасна светлина. Уште во 1968 година, кога во сп. „Историја" на македонски јазик му беше објавен трудот „Феодалниот сепаратизам и политиката на Душан во 1342-1355 година", д-р Наумов се претстави во македонската научна средина како голем и сестран познавач на историјата на македонскиот народ во време на српското владеење. Подоцна тој напиша уште неколку забележителни студии и прилози: „Петте последни години на Стефан Душан" (1970), „Јужнословенскиот епос и проблемите на српското средновековие" (1973), „Свидетельства исторических источников о Марке Кралевиче" (1979), „Дарбените грамоти на Дејановиќи" (1984) и др. Со своите аргументирани научни резултати д-р Наумов овозможи да се фрли поголема светлина врз проблематиката поврзана со создавањето на самостојните феудални држави во Макеоднија по распаѓањето на

Српското царство, а посебно за создавањето и развојот на Прилепското Македонско кралство на Волкашин и Марко.

Огромното и разновидно научно творештво на д-р Евгениј Наумов, базирано секогаш врз критичко користење на изворите, несомнено и по неговата смрт ќе ги привлекува истражувачите. Неговите трудови од областа на средновековната историја на македнскиот народ секако ќе служат како појдовни при расветлувањето на проблематиката поврзана со историјата на Македонија во време и по распаѓањето на Српското царство. Освен тоа, д-р Е. Наумов за многумина македонски историчари, фолклористи и други специјалисти со својата човечка добрина ќе остане за секогаш во нивните спомени.

Бранко Панов